**Програма за подобрување на домашното греење и ладење**

# Како да добиете помош вашиот дом да остане топол и свеж

HOME HEATING AND COOLING UPGRADES

VICTORIA State Government



## Заменете го вашиот стар систем за греење со енергетски ефикасен инвертер што во зима ќе ви обезбеди топлина, а во лето свежина.

## Со Програмата за подобрување на домашното греење и ладење, на семејствата што ги исполнуваат условите им се достапни повратни средства во износ од 1.000 долари.

Програмата за подобрување на домашното греење и ладење ќе ја подобри топлинската удобност на викторииските домаќинства, нудејќи попуст за замена на печките на гас, струја и дрво со енергетски ефикасни инвертери. Право на учество може да имаат и лицата кои немаат греење.

Според програмата, семејствата што ги исполнуваат условите може да добијат:

- 1.000 долари за цената на енергетски ефикасниот инвертер,
- 200 долари за повлекувањето од употреба на застарена печка на гас (ако се врши замена на постоечка печка на гас), и
- 500 долари за трошоците за надградба на разводна табла (доколку е потребна надградба за монтирање на инвертерот за кој добивте повратни средства).

### Зошто да извршите надградба на инвертер?

За да ја зголемите топлинската удобност

За да ги намалите трошоците за енергија

За да го подобрите вашето здравје и добросостојба

За да ги намалите емисиите на стаклена градина

**Скенирајте го QR-кодот подолу за да видите дали ги исполнувате условите за повратни средства за подобрување на домашното греење и ладење или посетете ја интернет-страницата:**

**heatingupgrades.vic.gov.au**

Оваа програма ја спроведува Solar Victoria

Ако сакате да разговарате со нас на вашиот јазик, можете да добиете бесплатни телефонски преведувачки услуги повикувајќи ја Националната служба за превод и толкување на 131 450.

© Министерство за животна средина, земјиште, води и урбанизам на Викторија 2021 г.

**Одрекување од одговорност**

Оваа публикација може да ви помогне, но Државата Викторија и нејзините вработени не гарантираат дека во публикацијата нема кој било вид грешки или дека е целосно соодветна за вашите конкретни цели, па затоа одбиваат секаква одговорност за грешки, загуба или други последици што може да произлезат од вашето потпирање врз кои било информации во оваа публикација.

23.08.21 г.